Република Македонија
Министерство за економија

Министерство за
економија

Бр. 13-4501/ 2

Скопје 041017 2016 год.

Јуриј Гагарин, 15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3093408
Факс: (02) 3084472
www.economy.gov.mk
e-mail: info@economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

**ДО ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**
**-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

**Предмет: Одговор на произнесување по предлог на Балканија – Балканска асоцијација за алтернативен туризам**

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.43-6008/2 од 21.09.2017 година, во врска со член 14 од Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики ("Службен весник на Република Македонија" бр.99/2011), Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации има објавено повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвување на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година, за кое во писмена форма од страна на Балканија – Балканска асоцијација за за алтернативен туризам, за развојни политики за унапредување на туризмот има доставено Предлог со кое барате да се произнесеме по истата, Ве известуваме дека Министерстово за економије е на мислење дека:

Мерките предложени од страна на Балканија се превидени во активностите, Програмата и Стратегијата за развој на туризмот.

Што се однесува до предлозите за реорганизација на секторите за туризам, Министерството за економија ја следи ситуацијата во регионот и пошироко, поради поефикасно работење и следење на активностите кои се одвиваат во туристичката индустрија, е на мислење дека, под надлежност на Министерство за економија треба да бидат Секторот за туризам и угостителство, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот како и Инспекциските служби надлежни за туризам и угостителство.

Со оглед на фактот дека Владата на Република Македонија во последните години има вложено многу во промоција и поддршка на туризмот од кои се забележени позитивни резултати и унапредување во

истата насока, Министерството за економија е на мислење дека сите надлежни органи кои се одговорни за туризмот во Република Македонија треба да бидат под надлежност на една иституција и заеднички да се фокусираат во имлементација на конретни проекти и нивното имплеметирање.

Со почит,

**МИНИСТЕР**

Kreshnik Bekteshi

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Изработил: Адријана Аљиу
Контрорирал: Беким Хаџиу
Одобрил: Шовкет Хазари
Согласен: Зоран Павловски